Кочо СИДОВСКИ

# КОН ПРАШАЊЕТО ЗА ТЕКОТ НА МЛАДОТУРСКАТА РЕВОЛУЦИЈА ВО МАКЕДОНИЈА ВО НЕЈЗИНИОТ ПОЧЕТЕН ПЕРИОД СПОРЕД ИЗВЕШТАИТЕ НА ИТАЛИЈАНСКИТЕ ДИПЛОМАТСКИ ПРЕТСТАВНИЦИ

## Краток осврт за состојбата во Империјата до избувнувањето на Младотурската револуција

Отоманската империја кон крајот на XIX и почетокот на XX век покажува сериозни симптоми на распаѓање. Капиталите на големите империјалистички држави добиваат сè поголема доминантна положба во турското стопанство. Со тоа се зголемува зависноста на Империјата и се усложнува нејзината надворешно-политичката положба. Национално-ослободителните движења на поробените народи сè повеќе се засилуваат и со тоа сè повеќе се влошува внатрешната положба во Империјата на „Светиот Падишах". Македонсото националноослободително движење од предилинденскиот и поилинденскиот период, по својот замав што го има, значело исто така сериозен удар на веќе разнишаните темели на државата на „Болниот човек".

Меѓутоа натамошното империјалистичко потчинување на Отоманската империја и целосната неспособност на султановиот антураж да ја брани целоста на Империјата, бавно но постојано го засилувале младотурското движење, кое излезот од кризата го гледало во враќањето на уставниот систем. Треба да се спомене дека ниту реформните акции на големите сили не ги дале очекуваните резултати. Тие дошле како последица од дејствувањето на македонското револуционерно движење за време на Илинденското востание и биле плод на дипломатските махинации на големите империјалистички држави. Со нив не се одело кон коренита измена на работите во Отоманската империја, туку само преку реформирање на администрацијата и жандармеријата кон извесно „подобрување" на положбата. Таа реформна акција била неопходна од гледна точка на големите империјалистички држави, бидејќи тие завлезени длабоко во вителот на меѓусебното ривалство и во врска со своите „животни

интереси“ на ова подрачје, не работеле за коренита промена на работите во Отоманската империја, туку со повремени реформи да се излечат хроничните потреси во неа и пред сѐ да се сочува нејзиниот интегритет. Меѓутоа, потребно е да се спомене, од друга страна, дека иако Мирцштегскиот реформен програм го потенцирал минималното мешање во работите на Империјата, тоа всушност значело de facto и de iure директно мешање, во државата на „Светиот Падишах“. Контролата на странските цивилни агенти над отоманската администрција, без оглед на тоа какви биле практичните и позитивните резултати, навистина значело во извесна смисла, деградирање на султановиот авторитет и специјално на државниот суверенитет на Отоманската империја. Реакцијата на тоа мешање во нејзините работи, особено ќе се почувствува сред поинтелигентните слоеви на отоманското општество што ќе земат виден удел во подготовките за Младотурската револуција.

## Текот на револуцијата според извештаите на италијанските дипломатски претставници

Денот 24 јули 1908 година остана длабоко врежан во историјата на македонскиот народ и на Отоманската империја од последните нејзини години на Балканот. Со овој ден, придружен од бурни, масовни народни манифестации, е одбележан почетокот на слободата, па „хуриетот“, почетокот на уставно-парламентарниот режим во Македонија.

Италијанските дипломатски претставници во Македонија[1]) и воопшто во Отоманската империја со внимание ги следеле настаните што претходеле на избувнувањето на Младотурската револуција во 1908 год. Тие го забележувале раздвижувањето во турската војска во поодделни места во Македонија како на пример во Штип каде биле затворени осум офицери.

Турските власти ги држеле во тајност причините за затворањето на осумте офицери, но во градот кружел глас дека тие биле затворени поради припадност на младотурската партија. Поради антивладина активност од позициите на младотурската партија биле затворени офицери во Едрене и во други места. Италијанскиот конзул во Скопје, Аугусто Страниери во својот извештај од 20 јуни 1908 год. констатирал дека, несомнено во Румелискиот вилает постоело едно страно движење, предизвикано од партијата на младотурците кое дејствувало во редовите на офицерите на војската. Ито така тој дознавал од страна

[1]) Италијанските конзулати во Македонија биле отворени: Во 1860 година за конзул на Сардинското кралство во Солун е наименуван Фернандез Саломон, кој продолжил да ја врши својата должност и по создавањето на Италијанското кралство во 1861 година; Италијанскиот конзулат во Битола бил отворен во 1895, а во Скопје 1902 год.

на добро информирани извори, дека скопскиот валија, пред извесно време, добил едно заплашувачко писмо од страна на некои офицери припадници на партијата на младотурците.[2])

Новата фаза во развојот на македонското прашање, започната со англотурската спогодба од 1908 година,[3]) а за натамошно продлабочување на реформите, го забрзала избувнувањето на востанието подготвувано од младотурската партија, кое првобитно било планирано за август 1909 година. Младотурците, кои во тоа време доследно се стремеле кон уставен систем, се ориентирале кон позабрзана подготовка на востанието. На 3 јули 1908 година командантот на турскиот гарнизон во Ресен, Нијази-беј, излегол во илегалност со својата единица и започнал акции против месните султански власти. Востаничките сили, составени од војници и албански востаници, брзо нараснувале и ја зеле контролата на ситуацијата во свои раце во голем дел од Западна Македонија: Преспа, Охридско, Струшко, Дебарско и во многу албански градови.

За приклучувањето на одделни офицери и војници на страната на востаниците, зборува и извештајот на италијанскиот заменик генерален конзул во Солун Бианки, од 19 јули 1908 година. Тој зборува за ваква појава која се случила во казите Тиквеш и Воден кога одделни офицери и војници заминале во планините и им се приклучиле на востаниците. Во споменатиот извештај исто така се зборува дека, отоманските власти довлекувале војска од Анадолија за да го задушат востанието. Но новопристигнатите војници не сакале да маршираат против сотниците, зошто и меѓу нив имало припадници на младотурската партија.[4])

Според заменик италијанскиот конзул и генералниот инспектор Хилми паша бил сериозно преокупиран со новосоздадената ситуација, бидејќи движењето се појавило во редовите на војската, која дотогаш била главна потпора на отоманската влада.[5])

---

[2]) Како основен изворен материјал за нашиот прилог ни послужи материјалот од Историскиот архив а Министерството за надворешни работи на Италија во Рим (Archivio Storcio del Ministero degli Affari Esteri — Roma) кој се наоѓа микрофилмуван во Архивот на Македонија — Скопје Овој материјал го микрофилмувал проф. д-р Сјепан Антољак за време на неговото истражување во Рим во гореспоменатиот архив.

Arhivio Storico del Ministero degli Affari Esteri — Roma, Архив на Македонија — Скопје во натамошниот текст AMC, Uskub, 20. VI 1908, M/177, сн. 691-693.

[3]) Оваа спогодба е склучена на средбите помеѓу рускиот и англискиот суверен во Ревал, во јуни 1908 година. На средбата биле изработени проекти за реформи на Македонија со кои се предвидувала автономија. Меѓутоа, Младотурската револуција го попречила спроведувањето во дело на овие реформи во Ревал, со што и Силите, при крајот на 1909, откажале да ја вршат реформната акција на Македонија

[4]) AMC, Saloniccо 19. VII 1908, M—178.

[5]) Ibidem.

За ширење на револуционерното движење во Битолскиот вилает ни зборува и извештајот на италијанскиот конзул во Битола Г. де Визарт од 22 јули 1908 година. Меѓу другото тој вели дека: „Во Битола, Ресен, Охрид, Кичево и во други места 90% од офицерите, речиси сите цивилни службеници се приврзани на идеите пропагирани од младотурците, а исто така и мнозинството од муслиманското население многу брзо ќе се присоедини, ако не е веќе и сега придобиено.[6])

Кон востанатите војници и офицери во гарнизоните во Западна Македонија се придружил со свој одред од востанати војници и Енвер-беј, од Солунскиот гарнизон. Единиците што ги испратил Султанот за задушување на востанието откажале послушност, а нивниот командант Шемзи-паша бил убиен од младотурците во Битола. Во текот на неколку дена раководителите на движењето ги отстранувале месните султански органи, земајќи ја власта во свои раце.[7])

Востаничкото движење во Македонија пораснало и се проширило. На 22 јули ноќта востаниците, околу три илјади души, а според телеграмата на италијанскиот конзул во Битола од 23 јули, околу 1500 баши бозук и војници под команда на вицемајорот Нијази (?) влегле во Битола.[8]) Со влегувањето во градот тие ја презеле власта и ги ослободиле сите политички затвореници, главно Македонци и Албанци, а исто го затвориле маршалот Осман. Околу пладне истиот ден востанатите се собрале на плоштадот за воени паради и заедно со трупите го прокламирале Уставот од 1876 година истрелувајќи 21 топовски плотун.[9]

Карактеристично е да се спомене дека младотурскиот комитет „Обединување и напредок" со седиште во Битола, испраќа писмо до италијанскиот конзулат во Битола, во кое се зборува за држењето на грчкиот комитет во конфликтот што избувнал помеѓу владата и младотурската партија.[10])

Италијанскиот конзул во Битола де Визарт во својата телеграма упатена до Министерството за надворешни работи на Италија од 24 јули известува за големото движење во градот кое се одвивало со максимален ред. Тој вели: „Муслиманите и христијаните цивилни и воени лица, сите му аплаудираа на Уставот, слободата, правдата, еднаквоста. Никој не извикуваше за Султанот, дури постои едно цивилно и воено течение кое иступува за негово отстранување или барем оддалечување на сегашните советници. Ваквиот развој на движењето би можело да ѝ

---

[6]) AMC, Monastir 22. VII 1908, M—178.
[7]) Историја на македонскиот народ, книга втора, Скопје, 1969, 300.
[8]) Ibidem.
[9]) Ibid.
[10]) AMC, Monastir 23. VII 1907, M—178.

отвори на земјата еден нов здрав пат воведувајќи ги за народот неопходните реформи. Преку илјада затвореници се ослободени".[11])

Италијанскиот конзул во Солун С. Милацо, на своето патување со воз од Скопје до Солун што го извршил на 24 јули, на попатните станици го забележувал братимењето на муслиманското и христијанското население со трупите, кои силно го извикувале името на мајорот Енвер-беј, познатиот водач на партијата на младотурците, кој патувал во истиот воз со италијанскиот генерален конзул. Тие извикувале „да живее нацијата" и „да живее отоманската војска".[12])

Во текот на патувањето дошло до разговор помеѓу мајорот Енвер-беј и италијанскиот генерален конзул во Солун С. Милацо. Во разговорот станало збор за Уставот добиен од Султанот по силниот притисок на младотурскиот либерален комитет, а исто така Енвер-беј го замолил конзулот да го извести италијанскиот министер за надворешни работи Титони дека: „Комитетот на младотурците немал субверзивни идеи но само ја сака **правдата подеднаква за сите**, (подвлечено во текстот, б. м.) ред и спокојство во земјата и прекратување на секоја злоупотреба и на секоја привилегија". За таа цел сите отомански поданици ќе биле третирани подеднакво, муслиманите како и христијаните и дека странците ќе биле подеднакво почитувани. На забелешката од конзулот дека редот во Македонија бил и ќе биде нарушуван главно од бугарските, грчките и српските чети, Енвер-беј му одговорил дека четите ќе престанат да дејствуваат и за ова тој можел да му даде најшироки уверувања. На крајот Енвер-беј уште еднаш го замолил конзулот да го извести Титони за овој разговор и за манифестациите во трите вилаети кои се одвивале во ред, ред кој новата либерална влада имала намера по секоја цена да го оддржува.[13])

Новонастанатата ситуација во Скопје и целиот вилает по младотурскиот преврат внимателно ја следел италијанскиот конзул во овој град Аугусто Страниери. Тој во својот извештај од Скопје од 25 јули, зборува за прославувањето на револуцијата во Скопје, Велес и Штип на 23 јули. Италијанскиот конзул сметал дека ретко некоја револуција била изведена со така висок ред.[14])

Во врска со востановувањето на Уставот италијанскиот конзул во Битола Г. де Визерт го известува министерот за надворешни работи Титони со својот извештај од 25 јули. Во него меѓу другото се вели дека: веста за објавувањето на Ирадето кое го воспоставувало Уставот „предизвикала радување кај ту-

---

[11]) AMC, Monastir 24. VII 1908, M—178.
[12]) AMC, Salonicco 25. VII 1908, M—178.
[13]) Ibidem.
[14]) AMC, Uskub, 25. VII 1908, M—178, сн. 193—198.

кашното население, кое на разни начини ја манифестирало својата радост, истовремено збратимувајќи се меѓусебно христијаните — Бугарите со Грците и Власите, а овие од своја страна со Турците и Албанците. Во корист на Султанот никој не извикувал пароли. Валијата кој бил потврден на својата должност од револуционерите дел од своите дотогашни функции ги отстапил, и максимално добар ред владеел во градот ...“[15])

Но од друга страна конзулот забележува дека: „... Без сомнение револуционерите нема да се задоволат со ветувањата на Султанот, и тие внимателно ќе пазат како тие ќе бидат одржани. Најпрво ќе треба да го ослободат суверенот од „антуражот“ кој го опколувал; затоа многу пат требало да се помине за да се дојде до слободата; компликации можело да создаде барањето од многу страни да дојде до абдикација на Султанот.“ Тој забележал ваква тенденција против Султанот меѓу воените лица во Битола.[16])

Што се однесува до Уставот кој Абдул Хамид II морал да го „подари“ на Отоманската империја, а кој уште пред триесетина години самиот го суспендирал, италијанскиот конзул во Битола Г. де Визарт сметал дека во секој случај навестувал формирање на широка империја слична на австроунгарската, во која муслиманското мнозинство немало да го заплашува христијанскиот елемент во неа. Така таа ќе можела да биде отворена за секоја слобода не спротивна на интересите на Империјата.

Г. де Визарт забележува исто така дека покрај совладувањето на внатрешните отпори предизвикани со трансформацијата на муслиманскиот свет, се засилувала и активноста на надворешните непријатели. Таа активност, според неговите зборови, била изразена во лицето на Атинската и на Софиската влада. Во еден разговор воден со бугарскиот агент во Битола, конзулот вели дека последниот не бил задоволен од текот на новите настани, бидејќи повикувал на интервенција на големите сили. Уште покатегоричен бил грчкиот конзул, кој во состојба на незадоволство напросто изјавил дека сето она што се случувало означувало крај на Империјата.

Во продолжение на својот извештај од 26 јули 1908 г. упатен до министерот за надворешни работи Титони, Г. де Визарт истакнува дека: „двајцата, и грчкиот конзул и бугарскиот агент, гледајќи дека настаните ги доведуваат во опасност анексионистичките проекти на нивните влади, ги сокриваат од јавноста овие чувства кои не се во склад со атмосферата на ентузијазам и на радување со која се опфатени и христијаните, кои исто така посакуваат мир.“[17])

---

[15]) AMC, Monastir, 25. VII 1908, M—178.
[16]) Ibidem.
[17]) AMC, Monastir, 26. VII 1908, M—178.

Интересни се и забелешките на италијанскиот дипломатски пратеник во Белград Карло Бароли, во врска со однесувањето на Србија кон новите власти во Отоманската империја. На симпатиите на јавното мислење и народот на Србија, кои ја придружувале уставната еволуција во Отоманската империја, се надоврзуваат официјалните изјави на владата и тонот на српскиот печат кој продолжувал благонаклонето да се изјаснува за новиот режим и кон моралното и материјалното обновување на Империјата.

Меѓутоа италијанскиот пратеник сметал дека ваквите чувства на симпатија, повеќе резултирале од една смислена програма на владата за дејствување во новонастанатата ситуација.

Србија, свесна за својата немоќ наспроти посилните и повеќе фаворизирани други нации, како што се изразувал Карло Бароли, се надевала во пријателството и во согласноста со Отоманската империја да најде средство за урамнотежување на своите аспирации без да се наштети на „српскиот елемент во Стара Србија и во Македонија". Од друга страна, се посочува на тоа дека дел од бугарскиот печат сакал во Австро-Унгарија да предизвика незадоволство од ваквата состојба на работите.[18])

Во споменатиот извештај на италијанскиот пратеник од Белград станува збор и за намерите на Австро-Унгарија да ја анектира Босна и Херцеговина. Меѓутоа во дадениот момент Србија повеќе била окупирана со развојот на настаните во Македонија каде што водела борба со бугарската пропаганда, отколку со прашањето на Босна и Херцеговина. Во Македонија таа почнува да создава свој „Сојуз" а се подготвувала и за издавање на весник.[19])

За настојувањето на грчката пропаганда да ги минира усилбите на младотурскиот комитет во Солун, за помирување на населението заведено од бугарската и грчката пропаганда, во еден извештај од 16. VIII 1908 година зборува италијанскиот генерален конзул С. Милацо.[20])

Со значително внимание во своите извештаи, италијанските дипломатски претставници се однесувале кон реагирањето на разните четнички формации на воспоставувањето на новиот уставен режим. Инаку треба да се каже дека нив, со обнародувањето на Уставот, им била ветена општа амнестија ако се јават на властите во рок од три дена и со обврска за враќање во својата земја на странците — учесници во четите. Младотурските власти изјавувале дека во случај на нејавување на четите, имале намера енергично да ги преследуваат, а за оваа цел дури ќе даделе оружје на христијаните. Вакво нешто било преземано и во минатото.

[18]) AMC, Belgrado, 27. VII 1908, M—178.
[19]) Ibidem.
[20]) AMC, Salonicco, 16. VIII 1908, M—178.

Во првите денови од победата на младотурското востание во Солун дошол и Јане Сандански, кој пред тоа, во Неврокоп, како што соопштува еден современик, бил пречекан од „маса која имала до 15.000 луѓе“.[21]) Инаку според извештајот на италијанскиот генерален конзул во Солун од 27. VII 1908 Јане Сандански заедно со познатиот Тодор Паница влегол во Неврокоп на 25 јули.[22]) Во споменатиот извештај упатен до министерот за надворешни работи, италијанскиот конзул С. Милацо потврдува дека во Солунскиот вилает се пријавиле на властите четите на Македонската револуционерна организација на Сандански и грчките чети, освен бугарските врховистички чети кои во својата програма застапувале анексија на Македонија кон Бугарија.

Истиот конзул во еден свој подоцнежен извештај од Солун, од 29. VII 1908 год., го известува својот министер за надворешни работи дека на 28. вечерта пристигнале во градот познатите водачи на револуционерните чети Јане Сандански и Тодор Паница, откако претходно се пријавиле на младотурскиот комитет во Драма.[23]) Тој сметал дека со доброволното пријавување на Сандански и Паница престанала активноста на револуционерните чети во Солунскиот вилает.

Интересни се согледувањата на италијанскиот конзул во Битола Г. де Визарт, за прашањето на легализирањето на грчките пропагандни чети, кога вели дека: „околу прашањето за (легализирањето б.м.) грчките чети сеуште владее некоја мистерија со оглед на тоа што тие биле составени речиси исклучиво од странски елементи, коишто не можат да се јават во Битола, по примерот на бугарските чети,[24]) за да добијат амнестија“.[25])

Во врска со предавањето на грчките пропагандни чети, италијанскиот конзул во Битола, уште еднаш се навраќа во својот извештај од 4 август 1908 год., кога вели дека преговорите за нивното предавање биле доста мачни, затоа што грчкиот конзул правел од почетокот тешкотии. Тие ги предизвикувал со оглед на тоа што му се чинело дека така биле изгубени со еден потег сите придобивки здобиени во последно време со нивното дејствување во Македонија.

Младотурските власти со цел да постигнат потполн успех во разоружувањето на пропагандните чети, го продолжувале рокот за амнестија за повеќе денови. Така во извештајот на горе-споменатиот конзул се зборува за појавувањето на 220 четници во Битола предводени од Матов, кои дошле да се ползуваат со

[21]) Манол Пандевски, Младотурската револуција и Македонија. Скопје, 1968, 4.

[22]) AMC, Salonicco, 27. VII 1908, M—178.

[23]) AMC, Salonicco, 29. VII 1908, M—178.

[24]) Италијанскиот конзул го применува терминот бугарски чети и за врховистичките и за револуционерните чети.

[25]) AMC, Monastir, 30. VII 1908, M—178.

амнестијата. Тие биле пречекувани од трупите со воени почести и со звуци на музика.[26])

Карактеристични се искажувањата на италијанскиот конзул во Скопје Аугусто Страниери во врска со предавањето на пропагандните чети во Скопскиот санџак. Тој истакнува дека голем број од оние комитаџии кои се предале, немале некој значаен удел во револуционерното движење во споменатиот санџак. Според него за повеќето од нив би можело да се каже дека повеќе биле вистински разбојници отколку комитаџии, кои престојувале во полето за да вршат неказнето акти на лична одмазда и на грабежи. Страниери во својот извештај од 5 август 1908 год., упатен до министерот за надворешни работи меѓу другото вели: „Како што му е познато на Вашата екселенција, револуционерните водачи, достојни на ова име, кои го воделе движењето на четите во Скопскиот санџак, како Груев, Бобев, Константинов и други, речиси сите загинаа во судирите со трупите ...[27]) Во истиот извештај се зборува исто така дека некои од четите, за да ги избегнат последиците од предавањето, преминале во Бугарија. За предавањето на српските пропагандни чети, кои најповеќе ги имало на теренот помеѓу Велес, Прилеп и Поречието, Аугусто Страниери зборува во својот извештај од 3 август 1908 година.[28])

Меѓутоа и покрај ваквата активност на младотурските власти, ситуацијата во врска со разоружувањето на пропагандните чети, останувала тешка и нејасна со оглед на тоа дека сите комитаџии не се разоружувале. А тоа, со оглед на изборите што требало да се одржат, би можело да доведе до повторно отворање на најжестока борба меѓу соперничките чети.[29])

Италијанскиот генерален конзул во Солун С. Милацо сметал дека распуштањето на грчките и бугарските чети (извршено доброволно со залагањето на водачите на турското либерално движење Енвер беј и Џемал беј, двајцата офицери на отоманската војска и на кои им припаѓал големиот успех за здобиениот Устав), несомнено, за Европа бил многу значаен факт, кое ако било подолготрајно, како што уверувале споменатите водачи на младотурската партија, претставувало разрешување на една од најсериозните точки на македонското прашања.[30])

Италијанските дипломатски претставници во Македонија, уште во првите денови од избувнувањето на Младотурската револуција, во своите извештаи му посветувале место на тоа како овие настани ќе се одразат врз работата на европските реформатори. Така италијанскиот конзул во Битола во својот извештај од 26. VII 1908 година помеѓу останатото вели дека: „Европ-

[26]) AMC, Monastir, 4. VIII 1908, M—178.
[27]) AMC, Uskub, 3. VIII 1908, M—178.
[28]) AMC, Salonicco, 2. VIII 1908, M—178.
[29]) AMC, Salonicco, 27. VII, 1908, M—178.
[30]) AMC, Monastir, 26. VII 1908, M—178.

ската реформаторска работа молчи и ќе биде можеби уште подобро да направи една подолга почивка во очекување на она што можат да остварат новите луѓе: Дали овие реално ќе успеат да ја задржат власта, ќе сакаат, ќе можат и ќе знаат да направат подобро од секој европски концерт за благосостојбата на ова измачено население. Нивната задача меѓутоа е толку потешка зошто треба да се спречи пропаста на Империјата".[31])

Од друга страна претставникот на новите власти, мајорот на главниот штаб Енвер-беј изјавувал дека, Младотурскиот комитет намеравал иницијативата за повлекување на странските претставници за спроведување на реформите да биде преземена од страна на европските влади, откога тие ќе го увидат лојалното држење и добриот резултат од работата на новата либерална влада.[32])

Во извештаите на италијанските конзули можат да се забележат настојувањата на новите власти, во почетниот период на револуцијата, по пат на преговори со пропагандните институции од соседните балкански земји и претставниците на левицата на ВМРО, да придонесат за смирување на ситуацијата во Македонија. Така, италијанскиот генерален конзул С. Милацо во својот извештај од 20. VIII 1908 година, зборува за „Основите на договорот постигнат помеѓу младотурскиот комитет ‚Обединение и напредок' од Солун и разните комитети — македонски христијански, бугарски, српски, грчки и романски за смирување на Македонија".

Во тој Договор или Програма биле набележани сите промени во воениот, политичкиот, културниот и економскиот живот на земјата. Со цел да се постигне согласност помеѓу сите заинтересирани страни програмата ги конкретизирала разгледуваните прашања во општи линии. Програмата не навлегувала во прашањата што се однесувале на религијата, „попречувајќи да се зборува за бугарските и грчко-патријаршиските цркви, изоставајќи исто да зборува за **Албанците** и за нивните желби, и на крајот молчејќи со многу такт за **европските реформи** и за странските офицери тогаш на служба во трите македонски вилаети" (подвлечено во извештајот).

Италијанскиот конзул по доверлив пат дознавал дека во Програмата, „параграфи со изразито **социјалистички** тенденции за поделбата на државната сопственост, неотуѓивиот имот (вакаф) и др. во корист на пролетаријатот беа предложени од водачот на **бугарскиот централен** комитет Сандански, како што потоа спротивно на членот 7, кој се однесувал на **географско разграничување на вилаетите** и на неговото одржување на статус-кво кое е барано од грчкиот комитет"[33]) (подвлечено во извештајот).

---

[31]) AMC, Salonicco, 31. VII 1908, M—178.
[32]) AMC, Salonicco, 31. VII. 1908, M—178
[33]) Ibidem.

Новосоздадените услови придонесуваат да се раздвижат и работниците во македонските градови. Тие започнале да создаваат синдикални организации, просветни друштва, организирале штрајкови. Заедно со нив засилена и интензивна активност развиле и македонските социјалисти. Во Македонија повторно нашле свој револуционерен израз ослободителните стремежи на народните маси.

Во горенаведениот контекст, италијанскиот генерален конзул во Солун С. Милацо, во својот извештај од 12 август 1908 г. го известува својот министер за надворешни работи дека познатиот деец на македонското револуционерно движење Јане Сандански и неговите приврзаници имале решено да издаваат во Солун свој весник на бугарски јазик. Инаку во очекување на неговото излегување, тие своите погледи по одделни прашања, ги изнесува во новиот весник редактиран на турски јазик „Итихад ве Тереки", официјален орган на младотурскиот комитет „Обединение и Напредок", чиј што прв број бил испратен од страна на С. Милацо на италијанскиот министер за надворешни работи.[34] Овој факт секако оди во прилог на заинтересираноста на италијанската влада за текот на новите настани во Отоманската империја.

Италија а и другите европски империјалистички држави, надворешно пројавувале пријателска расположба кон Младотурската револуција, но во стварност нив ги обеспокојувала перспективата на растењето на националното движење во колонијалните и зависните земји под влијанието на успехот на револуцијата во Отоманската империја. Тајно од последнава и од јавното мислење на своите земји, владите на империјалистичките држави се приготвувале за настапување против Младотурската револуција.

Во статијата „Настаните на Балканот и во Персија" В. И. Ленин пишувал: „... Ги фалат младотурците и ја продолжуваат политиката, која на најочигледен начин ја претставувала сама по себе политиката на поделба на Турција."[35]) Ленин го разобличувал реакционерниот заговор на империјалистичките држави против револуцијата во Отоманската империја и целото демократско движење на Истокот.

Во италијанскиот печат се среќаваат различни погледи за новиот режим во Отоманската империја. Така во весникот со умерено-либерален поглед „La tribuna" од 3 септември 1908 година била објавена статија од италијанскиот пратеник Роберто Гали, во која имало малку благонаклонети искажувања за Отоманската држава. Во неа се искажувала недоверба кон новиот

---

[34]) АМС, Salonicco, 12. VIII 1908, М—178, сн. 88.

[35]) И. Г. Сенкевич, Освободительное движение албанского народа в 1905—1912 гг. Москва, 1959, 116. Цитирано според В. И. Ленин, Событя на Балканах и в Персии Сочинения, г. 15, 200.

либерален режим кој тогаш се воведувал во Отоманската империја.

Сосема природно младотурскиот комитет „Обединение и напредок" во Солун протестирал против таквото пишување. Протестот според уверувањето на италијанскиот генерален конзул во Солун С. Милацо, ќе бил упатен до споменатиот пратеник со едно отворено писмо до погореспоменатиот весник.[36])

Истовремено Комитетот ќе ја искористел приликата по овој повод да ги повтори своите чувства на симпатија спрема печатот, владата и италијанскиот народ, кои се покажале благонаклонети кон младотурците. Особена благодарност тој имал намера да ѝ искаже на в. „La tribuna" за искажаните резерви во објавувањето на споменатата статија на пратеникот Гали.[37]).

Во корист на новиот режим во Отоманската империја била и една статија објавена во познатиот милански весник „Corierre della Sera" напишана од Луици Луцати. Како одговор на оваа статија било и пишувањето на органот на Централниот комитет на младотурскиот комитет „Обединение и напредок", „Итихад ве Тереки" од 6 септември 1908 г., во кој е објавена значајна статија под наслов„Отоманската револуција и Италија". Во статијата на младотурскиот весник се зборува за благонаклонетиот прием, што кај странскиот печат го имало либералното движење започнато во Отоманската империја од младотурците. Особено се зборува со жива симпатија за италијанската нација и за италијанските весници, кон кои биле упатени зборови на благодарност, заради тоа што во нив се искажувале чувствата на радост на Италијанците, поради промените во Отоманската империја. Најживи пофалби биле искажани заради погореспоменатата статија на Луици Луцати објавена во „Corierre della Sera". Се сметало дека зборовите на симпатија искажани кон Отоманската империја, од една така авторитетна личност и човек во италијанската држава каква што бил споменатиот Луцати, треба да се сметаат како одраз на мислењето на италијанската влада".[38] (Подвлечено во извештајот, б. м.).

Меѓутоа како што е веќе истакнато, на промените во Отоманската империја, пред сè се гледало низ призмата на италијанските интереси. Тоа најдобро може да се види од размислувањата на италијанскиот конзул во Битола, кој вели дека нововнастанатите промени во Империјата, можеле само да ја радуваат Италија, бидејќи тие го имаат осигурано **статус квото,** кое во недостаток на подобри решенија, било секогаш цел на нејзината балканска политика. Но сепак според неговите зборови не можело да се исклучи, како последица на засилувањето на отоманскиот патриотизам, појава на одредено движење, кое ќе

[36]) AMC, Salonicco, 8. IX 1908, M—177.
[37]) Ibidem.
[38]) Ibid.

отворело пат на повикот „Турција за Турците", за чие значење не можело да има некое сомневање за странците: кои дотогаш биле фаворизирани со капитулациите, ќе биле помалку фаворизирани, и ќе се настојувало да се отфрли странскиот капитал. Меѓутоа и покрај горекажаното, Отоманската империја како доста просторна и богата земја, со многу необработени терени, имала итна потреба од странски капитал. Во тој поглед италијанскиот конзул го посочува примерот на Бугарија и верувал дека тој ќе бил следен и од Отоманската империја.[39])

*

* *

Италијанските дипломатски претставници во Македонија и воопшто во Отоманската империја со внимание ги следеле настаните кои претходеле на Младотурската револуција, а и самото избувнување на Револуцијата од 1908 година. Тие особено внимание посветувале на ситуацијата во Македонија во првите денови по воспоставувањето на новата власт. Го регистрирале однесувањето на христијанското и муслиманското население кон првите акции на новите власти. Во извештаите се откриваат задкулисните махинации на соседните балкански држави во однос на политиката на младотурските власти. Балканските држави биле незадоволни од новонастанатата ситуација бидејќи го губеле теренот за пропагандна активност во Македонија. Забележано е и однесувањето на новите власти, во прашањето за разоружувавањето на пропагандните чети на соседните балкански држави, кои дејствувале во Македонија. Доста внимание се обрнува и на активноста во почетниот период на Младотурската револуција, на познатиот деец на македонското револуционерно движење Јане Сандански и неговите привржаници. На крајот се зборува за ставот на Италија кон новонастанатите промени во Отоманската империја, кој не излегувал од рамките на однесувањето на другите европски империјалистички држави. Италија во новонастанатите промени гледала позитивен факт, бидејќи тие го имаат осигурано статус-квото, кое во недостаток на подобри решенија, било секогаш цел на нејзината балканска политика.

---

[39]) AMS, Monastir, 16. VIII 1908, M—178.

Kočo SIDOVSKI

# TOWARDS THE QUESTION ABOUT THE COURSE OF THE YOUNG TURKISH REVOLUTION IN MACEDONIA IN ITS BEGINNING ACCORDING TO ITALIAN DIPLOMATIC REPRESENTATIVES


## Summary

The Italian diplomatic representatives in Macedonia and in the Ottoman Empire at all with attention were following the events before the Young Turkish Revolution and the rise of the Revolution of 1908. They pay special attention to the situation in Macedonia in the first days after the establishement of the new authority. In the reports of the Italian diplomatic representatives could be found the machinations of the neighbouring Balkan states in relation to the policy of the Young Turksih authorities. The Balkan states were not satisfied with the new situation as they used to loose the battle for propaganda activity in Macedonia. Besides all, attention has been paid also to the activity at the beginning of the Young Turkish Revolution, to the wellknown revolutionary and representative of the Macedonian revolutionary movement Jane Sandanski and his followers. What refers to the Italian attitude towards the new changes in the Ottoman Empire, the author concludes that it does not come out the frames of behavior of the other European imperialistic stites. Italy thought it was a positive fact, as they had provided the status quo, which in lack of better solutions, was laways an aim of theyr Balkan policy.